Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија.“ бр.5/2002) и член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 61/2004, 96/2004, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19,53/21,77/21,150/21 и 173/22 ) ,член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РСМ“ бр.203/2022 и 59/2023 ,член 93 став 1 и 2 од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија”бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 ,14/20,215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20 и 172/21),Колективниот договор на општина Кочани од 2022 година и Статутот на Општина Кочани, Советот на Општина Кочани на 45-тата седница одржана на 22 .04. 2024 година, донесе

# О Д Л У К А

за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година

## Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година бр.09-2306/1 од 27.12.2023 година, во член 10 став 1 коефициентот „3,20” се заменува со „2,79”.

Член 13 се менува и гласи:

(1) Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од две просечни плати согласно Законот за извршување на буџет.

(2) На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од една просечна плата.

(3) Надоместоците од ставовите (1) и (2) на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

## Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-794/1
22.04.2024 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ